# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

# НА

# ОПШТИНА ЧУЧЕР - САНДЕВО

| | |
|---|---|
| **ИЗЛЕГУВА ПО** | **Бр. 8** |
| **ПОТРЕБА** | **год.21** |

**Општина Чучер - Сандево, септември 2018 година**

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ЧУЧЕР - САНДЕВО

| | | |
|---|---|---|
| **Излегува** | **Вторник** | **Бр. 8** |
| **по потреба** | **25 септември 2018 година** | **Год. 21** |


# 46.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.5/02) и член 42 став (1) од Статутот на Општина Чучер-Сандево, ("Службен гласник на општина Чучер-Сандево" бр.2/03), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНА НА РАСПОРЕДОТ НА СРЕДСТВАТА НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ВО 2018 ГОДИНА**

Се објавуваат **Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Чучер-Сандево во 2018 година**, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **11-та** седница, одржана на **24 септември 2018** година.

**Бр.09-1020/1**
**25.09.2018 година**
**Чучер-Сандево**

**Општина Чучер-Сандево**
**Градоначалник**
**Јован Пејковски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 34 од Законот за буџетите ("Слубен весник РМ" бр. 64/05, 04/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12 и 192/15), член 23 став 1 од Статутот на Општина Чучер Сандево ("Службен гласник на Општина Чучер Сандево" бр.02/03), Советот на Општина Чучер Сандево на **11$^{\text{та}}$** седница одржана на **24.09.2018** година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНА НА РАСПОРЕДОТ НА СРЕДСТВАТА НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР САНДЕВО ЗА 2018 ГОДИНА**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Чучер Сандево за 2018 година на следниот начин :

| | | Осн.буџет | Самофинан. | Дотации | Донации | Кредити |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **EA0** | **КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ НА ОПШТИНАТА** | | | | | |
| 481210 | Подготвување на проекти на деловни објекти | 700,000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **FA0** | **УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ (КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ)** | | | | | |
| 482920 | Изградба на други објекти | -700,000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **N10** | **ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | | |
| 401130 | Основни плати – други вработени | 0 | 0 | -1,000,000 | 0 | 0 |
| 402110 | Основни придонеси за ПИО | 0 | 0 | -300,000 | 0 | 0 |
| 421110 | Електрична енергија | 0 | 0 | -200,000 | 0 | 0 |
| 421130 | Ѓубретарина | 0 | 0 | -50,000 | 0 | 0 |
| 421220 | Дрва | 0 | 0 | -50,000 | 0 | 0 |
| 424210 | Одржување на згради | 0 | 0 | 1,600,000 | 0 | 0 |
| | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Чучер Сандево и станува составен дел на Буџетот на Општината за 2018 година.

**Бр. 08 - 992/3**
**24.09.2018 година**
**Чучер Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ацо Ушковски с.р.**

# 47.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.” бр.5/02) и член 42 став (1) од Статутот на Општина Чучер-Сандево, (“Службен гласник на општина Чучер-Сандево” бр.2/03), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ГОДИШНА ПРОГРАМА НА ООУ “АЛЕКСАНДАР УРДАРЕВСКИ“ САНДЕВО ЗА УЧЕБНАТА 2018/2019 ГОДИНА**

Се објавуваат **Заклучок за донесување на годишна програма на ООУ “Александар Урдаревски“ Сандево за учебната 2018/2019 година**, што Советот на Општина Чучер-Сандево го донесе на **11-та** седница, одржана на **24 септември 2018** година.

**Бр.09-1020/2**
**25.09.2018 година**
**Чучер-Сандево**

**Општина Чучер-Сандево**
**Градоначалник**
**Јован Пејковски с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен веник на Р.М." бр. 5/02), член 23 став (1) точка 44 од Статутот на општината Чучер-Сандево ("Службен гласник на Општина Чучер-Сандево" бр.02/03), а во врска со член 35 став 5 од Законот за основно образование ("Службен веник на Р.М." бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 15/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16 и 67/17), Советот на општина Чучер-Сандево на **11-та** седница одржана на **24.09.2018** година, донесе

## З А К Л У Ч О К

**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ГОДИШНА ПРОГРАМА НА ООУ "АЛЕКСАНДАР УРДАРЕВСКИ" САНДЕВО ЗА УЧЕБНАТА 2018/2019 ГОДИНА**

1.Советот на општина Чучер-Сандево ја донесе Годишната програма на ООУ "Александар Урдаревски" Сандево за учебната 2018/2019 година, усвоена од Училишниот одбор на ООУ "Александар Урдаревски", Сандево со Одлука бр.02-256/1 од 24.08.2018 година.

2.Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Чучер-Сандево".

**Бр.08-992/4** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР - САНДЕВО**
**24.09.2018 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Чучер - Сандево** **Ацо Ушковски с.р.**

# 48.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.5/02) и член 42 став (1) од Статутот на Општина Чучер-Сандево, ("Службен гласник на општина Чучер-Сандево" бр.2/03), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ГОДИШНА ПРОГРАМА НА ООУ "СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ" С.КУЧЕВИШТЕ ЗА УЧЕБНАТА 2018/2019 ГОДИНА**

Се објавуваат **Заклучок за донесување на годишна програма на ООУ "Св.Кирил и Методиј" с.Кучевиште за учебната 2018/2019 година**, што Советот на Општина Чучер-Сандево го донесе на **11-та** седница, одржана на **24 септември 2018** година.

**Бр.09-1020/3** **Општина Чучер-Сандево**
**25.09.2018 година** **Градоначалник**
**Чучер-Сандево** **Јован Пејковски с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен веник на Р.М." бр. 5/02), член 23 став (1) точка 44 од Статутот на општината Чучер-Сандево ("Службен гласник на Општина Чучер-Сандево" бр.02/03), а во врска со член 35 став 5 од Законот за основно

образование (“Службен веник на Р.М.” бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 15/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16 и 67/17), Советот на општина Чучер-Сандево на **11-та** седница одржана на **24.09.2018** година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТАТА НА ООУ “СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ” С.КУЧЕВИШТЕ ЗА УЧЕБНАТА 2018/2019 ГОДИНА**

1.Советот на општина Чучер-Сандево ја донесе Годишната програма за работа на ООУ “Св.Кирил и Методиј” с.Кучевиште за учебната 2018/2019 година, усвоена од Училишниот одбор на ООУ “Св.Кирил и Методиј” с.Кучевиште со Одлука бр.02-14/16 од 27.08.2018 година.

2.Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Чучер-Сандево”.

**Бр.08-992/5** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР - САНДЕВО**
**24.09.2018 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Чучер - Сандево** **Ацо Ушковски с.р.**

# 49.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.” бр.5/02) и член 42 став (1) од Статутот на Општина Чучер-Сандево, (“Службен гласник на општина Чучер-Сандево” бр.2/03), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ГОДИШНА ПРОГРАМА НА ОУ “МИХАЉ ГРАМЕНО“ С.БРЕСТ ЗА УЧЕБНАТА 2018/2019 ГОДИНА**

Се објавуваат **Заклучок за донесување на годишна програма на ОУ “Михаљ Грамено“ с.Брест за учебната 2018/2019 година**, што Советот на Општина Чучер-Сандево го донесе на **11-та** седница, одржана на **24 септември 2018** година.

**Бр.09-1020/4** **Општина Чучер-Сандево**
**25.09.2018 година** **Градоначалник**
**Чучер-Сандево** **Јован Пејковски с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Службен веник на Р.М.” бр. 5/02), член 23 став (1) точка 44 од Статутот на општината Чучер-Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.02/03), а во врска со член 35 став 5 од Законот за основно образование (“Службен веник на Р.М.” бр.103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 15/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16 и 67/17), Советот на општина Чучер-Сандево на **11-та** седница одржана на **24.09. 2018** година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ГОДИШНАПРОГРАМА ЗА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ НА ОУ “МИХАЈ ГРАМЕНО” С.БРЕСТ ЗА УЧЕБНАТА 2018/2019 ГОДИНА**

1.Советот на општина Чучер-Сандево ја донесе Годишната програма за воспитно-образовната дејност на ОУ “Михаљ Грамено” с.Брест за учебната 2018/2019 усвоена од Училишниот одбор на ОУ “Михаљ Грамено” с.Брест со Одлука бр.03-51 од 06.09.2018 година.

2.Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Чучер-Сандево”.

**Бр.08-992/6** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР - САНДЕВО**
**24.09. 2018 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Чучер - Сандево** **Ацо Ушковски с.р.**

# 50.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.” бр.5/02) и член 42 став (1) од Статутот на Општина Чучер-Сандево, (“Службен гласник на општина Чучер-Сандево” бр.2/03), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА ДАВАЊЕ ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА УЧЕНИЧКИТЕ ЕКСКУРЗИИ И ДРУГИ СЛОБОДНИ АКТИВНОСТИ ЗА ЧЕНИЦИТЕ ОД ООУ “СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ С.КУЧЕВИШТЕ ЗА УЧЕБНАТА 2018/2019 ГОДИНА**

Се објавуваат **Заклучок за давање позитивно мислење на програмата за изведување на ученичките екскурзии и други слободни активности за учениците од ООУ “Св.Кирил и Методиј“ с.Кучевиште за учебната 2018/2019 година**, што Советот на Општина Чучер-Сандево го донесе на **11-та** седница, одржана на **24 септември 2018** година.

**Бр.09-1020/5** **Општина Чучер-Сандево**
**25.09.2018 година** **Градоначалник**
**Чучер-Сандево** **Јован Пејковски с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Службен веник на Р.М.” бр. 5/02), а во врска со член 7 став 2 од Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и други слободни активности на учениците од основните училишта, Советот на општина Чучер-Сандево на **11-та** седница одржана на **24.09.2018** година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ДАВАЊЕ ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА УЧЕНИЧКИТЕ ЕКСКУРЗИИ И ДРУГИ СЛОБОДНИ АКТИВНОСТИ ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД ООУ “СВЕТИ КИРИЛ И МЕТОДИЈ” с.КУЧЕВИШТЕ ВО УЧЕБНАТА 2018/2019 ГОДИНА**

1.Советот на Општина Чучер-Сандево дава **ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ** на Програмата за изведување на ученичките екскурзии и други слободни

активности за учениците од ООУ "Св. Кирил и Методиј" с.Кучевиште, во учебната 2018/2019 година.

2.Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Чучер-Сандево".

**Бр.08-992/7**
**24.09.2018 година**
**Чучер - Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР - САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ацо Ушковски с.р.**

# 51.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.5/02) и член 42 став (1) од Статутот на Општина Чучер-Сандево, ("Службен гласник на општина Чучер-Сандево" бр.2/03), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
### ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА НАМЕРА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТ ПО ПАТ НА ЗАДОЛЖУВАЊЕ ВО ВТОР МСИП

Се објавуваат **Одлука за намера за реализација на проект по пат на задолжување во втор МСИП**, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **11-та** седница, одржана на **24 сeптември 2018** година.

**Бр.09-1020/6**
**25.09.2018 година**
**Чучер-Сандево**

**Општина Чучер-Сандево**
**Градоначалник**
**Јован Пејковски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа ("Сл.Весник на РМ" бр.5/2002), и член 23 став 1 точка 44 од Статутот на Општина Чучер Сандево ("Службен гласник на Општина Чучер-Сандево"), Советот на Општина Чучер Сандево на **11-та** седница, одржана на **24.09.2018** година, ја донесе следната

## О Д Л У К А
### ЗА НАМЕРА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТ ПО ПАТ ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ ВО ВТОР МСИП

**Член 1**

Се одредува проектот „Реконструкција на дел од локален пат Александар Урдаревски-Рудници Бањани (коцка)" како приоритетен проект на Општина Чучер-Сандево, за аплицирање на проектот по објавениот јавен повик ВТОР МСИП 02/2018 од страна на Министерството за Финансии на Република Македонија.

**Член 2**

Проектот опфаќа реконструкција и рехабилитација на коловоз на локален пат од ул."Александар Урдаревски" до Рудници Бањани, со вкупна вредност од 46.331.095,00 денари.

**Член 3**

Финансиските средства за реализација на проектот ќе се обезбедат во вид на заем од страна на Министерството за Финансии .

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето а ке се објави во "Службен Гласник на Општина Чучер-Сандево".

**Бр.08-992/8**
**24.09.2018 година**
**Чучер-Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ацо Ушковски с.р.**

# 52.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.5/02) и член 42 став (1) од Статутот на Општина Чучер-Сандево, ("Службен гласник на општина Чучер-Сандево" бр.2/03), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ПРИПОЈУВАЊЕ НА УЧИЛИШТЕ ОД СЕЛО БЛАЦЕ (ПОДРАЧНО ПРИ ООУ "АЛЕКСАНДАР УРДАРЕВСКИ"САНДЕВО) КОН ОУ "МИХАЈЪ ГРАМЕНО"С.БРЕСТ**

Се објавуваат **Одлука за припојување на училиште од село Блаце (подрачно при ООУ "Александар Урдаревски" Сандево) кон ОУ "Михаљ Грамено" с.Брест**, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **11-та** седница, одржана на **24 септември 2018** година.

**Бр.09-1020/7**
**25.09.2018 година**
**Чучер-Сандево**

**Општина Чучер-Сандево**
**Градоначалник**
**Јован Пејковски с.р.**

Врз основа на член 34 од Законот за установите ("Службен веник на Р.М." бр. 32/05, 120/05, 51/11), член од 23 Законот за основното образование ("Службен веник на Р.М." бр.103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 15/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16 и 67/17), а во согласност со 36 став (1) точка 4 од Законот за локалната самоуправа ("Службен веник на Р.М." бр. 5/02), Советот на Општина Чучер-Сандево на **11-та** седница одржана на **24.09. 2018** година, донесе

## ОДЛУКА

**ЗА ПРИПОЈУВАЊЕ НА УЧИЛИШТЕ ОД СЕЛО БЛАЦЕ (ПОДРАЧНО ПРИ ООУ "АЛЕКСАНДАР УРДАРЕВСКИ" САНДЕВО) КОН ОУ "МИХАЉ ГРАМЕНО" С.БРЕСТ**

**Член 1**

Со ова Одлука подрачното училиштето "Александар Урдаревски" с.Блаце (подрачно при ООУ "Александар Урдаревски" Сандево), станува дел од ОУ "Михаљ Грамено" с.Брест, како објект 4 и го губи статусот на ПУ на ООУ "Александар Урдаревски" Сандево).

**Член 2**

ОУ "Михаљ Грамено" с.Брест е правен следбеник на правата и обврските на ПУ "Александар Урдаревски" с.Блаце.

**Член 3**

ОУ "Михаљ Грамено" с.Брест, ги превзема објектот, опремата и наставните средства, вработените и учениците од ООУ "Александар Урдаревски" Сандево, ПУ "Александар Урдаревски" с.Блаце.

**Член 4**

Промената во регистарот на основните училишта ќе се изврши во рок од 30 дена од денот на примената на ова Одлука.

**Член 5**

За поведување на постапката за припојување на училиштето од с.Блаце (подрачно при ООУ "Александар Урдаревски" Сандево), кон ОУ "Михаљ Грамено" с.Брест, ќе се побара согласност од Министерството за образование и наука.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во "Службен гласник на Општина Чучер-Сандево", а ќе се применува по добиена согласност од Министерството за образование и наука.

**Бр.08-992/9**
**24.09. 2018 година**
**Чучер - Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР - САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ацо Ушковски с.р.**

# С О Д Р Ж И Н А

стр

**46.** **Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Чучер-Сандево во 2018 година ..........................1**

**47.** **Заклучок за донесување на годишна програма на ООУ "Александар Урдаревски" Сандево за учебната 2018/2019 година ..........................3**

**48.** **Заклучок за донесување на годишна програма на ООУ "Св.Кирил и Методиј" с.Кучевиште за учебната 2018/2019 година ..........................3**

**49.** **Заклучок за донесување на годишна програма на ОУ "Михаљ Грамено" с.Брест за учебната 2018/2019 година ..............4**

**50.** **Заклучок за давање позитивно мислење на програмата за изведување на ученичките екскурзии и други слободни активности за учениците од ООУ "Св.Кирил и Методиј" с.Кучевиште за учебната 2018/2019 година ..........................5**

**51.** **Одлука за намера за реализација на проект по пат на задолжување во втор МСИП ..........................6**

**52.** **Одлука за припојување на училиште од село Блаце (подрачно при ООУ "Александар Урдаревски" Сандево) кон ОУ "Михаљ Грамено" с.Брест ..........................7**